Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-556/6

01-11-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-556/1 од 14.08.2024 година поднесена од лицето [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] во Скопје, против в.д. Генерален директор на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Драги Кушовски, со седиште на бул. „Александар Македонски" бр. 10 во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на возраст и личен или општествен статус – претседател на синдикална организација на [redacted] во областа на работата и работните односи и членувањето и дејствувањето во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз лицето [redacted] од Скопје врз основа на личен или општествен статус – претседател на синдикална организација на [redacted] во областа на работата и работните односи и членувањето и дејствувањето во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, сторена од страна на в.д Генералниот директор на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје – г-дин Драги Кушовски.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **"Комисијата"**) по електронски пат, поднесена е претставка со архивски број 08-556/1 од 14.08.2024 година, од подносителот [redacted] од Скопје, против в.д Генерален директор на Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје (во понатамошниот текст: **"ЈСП Скопје"**), г-дин Драги Кушовски, за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус - претседател на [redacted] и [redacted] во областа на работата и работните односи и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Со оглед да електронската форма на претставката не ги содржеше потребните елементи утврдени со член 24 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, на 20.08.2024 година Комисијата по електронски пат достави Барање број 08-556/2 за доуредување на претставка до подносителката. По ова [redacted] од Скопје постапи по барањето и го достави потребното доуредување заведено под број 08-556/3 од 23.08.2024 година.

Во претставката и доуредувањето на истата, подносителката наведува дека од страна на медиумите била прашана за катастрофалната состојба во ЈСП Скопје па како претседател на синдикатот во ЈСП Скопје и како своја морална обврска ја изнела целата вистина пред јавноста. Поради ова на 12.08.2024 година без никаква најава и образложение добила прераспоредување од страна на работодавачот, на друго работно место за кое била предвидена пониска плата без притоа да биде земена предвид нејзината возраст и годините работно искуство, а и функцијата што ја извршувала како претседател на синдикалната организација на ЈСП Скопје. Имено наведува дека во ЈСП Скопје работи непрекинато 38 години и е на возраст од 60 години. Откако го примила Решениетоза прераспоредување веднаш се обратила до в.д Генералниот директор на ЈСП Скопје, г-дин Драги Кушовски за да и ја образложи причината за истото, а именуваниот и одговорил дека се работело "за итност на потребите на претпријатието" што според подносителката не било така од причина што на нејзиното работно место недостасувале луѓе и била потребна на истото. Директорот го замолила "да ги врати работите на свое место" заштоа што не бил во право, но тој не прифатил. Сета ситуација придонела да доживее огромен стрес и веднаш потоа се обратила до стручно медицинско лице од областа на психијатријата и до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Меѓудругото посочи дека директорот не бил расположен да и ја образложи целата ситуација на што таа одговорила дека тоа било наредба од Град Скопје како би ја замолчиле како синдикалец. На крајот наведе дека истиот ден, односно на 12.08.2024 година и на [redacted] Студеничани, врачено ми било Решение за прераспоредување, односно за промена на неговото работно место, без најава и без причина.

Кон доуредувањето на претставката, подносителката [redacted] од Скопеј ги достави и следните докази:

- Решение бр. 04-252/9-4 од 09.08.2024 година за распоредување на неопределено време на име [redacted] Кадров бр. 4377, изготвено и издадено од ЈСП Скопје,
- Приговор бр. 04-252/9-4 до ЈСП Скопје против Решение за распоредување поднесен од [redacted] на 15.08.2024 година,
- Медицински извештај бр. 10666 од 13.08.2024 гпдина од ЈЗУ УК за Психијатрија – Скопје
- Медицински извештај бр. 11156 од 23.08.2024 гпдина од ЈЗУ УК за Психијатрија – Скопје и

- Конзилијарно мислење за продолжување на привремена спреченост за работа бр. 0302-6/228 од 23.08.2024 година издадено од четворица специјалисти – психијатри.

На 29.08.2024 година Комисијата достави Барање број 08-556/4 за произнесување по наводи во претставка до Јавното Сообраќајно Претпријатие – Скопје, а на 20.09.2024 година во Комисијата е пристигнат Одговор по Барање 03-932/2 од 06.09.2024 година од ЈСП – Скопје во кој наведеното претпријатие ја информира Комисијата дека вработената – [redacted] од Скопје, подносителка на претставката за заштита од дискриминација, била вратена на работното место на кое работела пред прераспоредувањето, па следствено претпријатието наоѓа дека на никој начин не извршило било каква дискриминација и повреда на Законот за спречување и заштита од дискриминација како што било наведено во претставката.

Од страна на ЈСП – Скопје кон произнесувањето приложено е доставена Одлука број 04-252/9-4/2 од 21.08.2024 година на Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори од работните односи и утврдување на дисциплинска и материјална одговорност при ЈСП – Скопје.

Врз основа на наводите во претставката, доуредувањето на истата, произнесувањето по наводите во претставката и сите останати доставени докази Комисијата ја констатира следната фактичка состојба: подносителката на претставката [redacted] од Скопје, како Претседател на синдикалната организација при ЈСП Скопје, преземала дејствија кои спаѓаат во делокругот на синдикалната заштита на работничките права. По нејзиното изјаснување пред медиумите за состојбите во ЈСП Скопје, таа добила Решение за распоредување на неопределено време со кое од работно место "Диспечер во Оперативниот контролен центар" се распоредува на ново работно место "Организатор на автобуски стојалишта", а поради итни, неодложни, неопходни потреби и поуспешно организирање на работниот процес, како е наведено во истото. Во произнесувањето по претставката од страна на ЈСП Скопје се негира дека подносителката е дискриминирана, но не се изнесени никакви докази за наведеното, освен приложената Одлука со која Решението за прераспоредување се поништува, а таа се враќа на работното место на кое работела до прераспоредувањето со образложение дека бил направен увид во нејзиното персонално досие и било разгледано годишното оценување според кое именуваната била оценувана релативно високи оценки што значело дека работните задачи ги извршувала ефикасно, ефективно и квалитетно и дека има долгогодишно искуство во делот на сообраќајот и е стручна за работните задачи кои произлегуваат од работното место – Диспечер во оперативен контролен центар. Додека пак за работното место Организатор на автобуски стојалишта согласно работните задачи опишани во Систематизација на работните места ќе бил потребен временски период за да се обучи затоа што не е квалификувана, а земајќи го фактот дека била 2 години пред пензија, тоа не би имало никаков ефект.

Воедно, *а* подносителката на претставката согласно наведеното спаѓа во категоријата на работници на кои законски им се гарантира посебна заштита на правата. Дополнително, за работното место на кое именуваната била прераспоредена бил предвиден месечен надоместок, односно плата пониска од онаа која ја оставрувала за работното место Диспечер во оперативен контролен центар што по именуваната имало и финансиски последици.

Имено, во член 9 од Уставот на државата е уредено дека *Граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.*

Во согласност со член 1 од Закон за јавните претпријатија[1], *Јавни претпријатија можат да се основаат заради вршење на дејности од јавен интерес. Република Македонија, општините и градот Скопје можат да основаат јавни претпријатија во согласност со овој закон, со цел за вршење на дејности од јавен интерес на територијата на Република Македонија. Јавни претпријатија во име на Република Македонија основа Владата на Република Македонија, во име на општината советот на општината и во име на градот Скопје Советот на градот Скопје.* Во член 37-б од овој закон е уредено дека *Вработените во јавното претпријатие кои вршат работи од дејноста заради која е основано јавното претпријатие имаат статус на даватели на јавни услуги, и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработени во јавен сектор и колективните договори.*

Во член 3 од Закон за вработените во јавниот сектор е уредено дека *За вработените во јавниот сектор се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од посебните закони, прописите донесени врз основа на овој закон и посебните закони и со колективните договори.*

*За прашањата кои не се уредени со овој закон, како и за прашања за кои овој закон не упатува на примена на посебен закон и на колективен договор, а се однесуваат на работниот однос на вработениот, се применуваат општите прописи за работните односи.*

Со член 179 од Законот за работните односи, кој е генерален закон со кој се уредуваат работните односи помеѓу работниците и работодавачите, уредено е дека *Работниците повозрасни од 57 години жени и 59 години мажи, уживаат посебна заштита, согласно со овој и друг закон,*

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај од страна на в.д Генералниот директор на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје - Драги Кушовски, врз лицето [redacted] од Скопје е сторена директна дискриминација врз основа на личен или општествен

[1] Службен весник на РМ, бр.9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и Службен весник на РСМ, бр. 275/2019; 89/2022; 274/2022; 208/2024


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

статус – претседател на [redacted] во областа на работата и работните односи и членувањето и дејствувањето во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство. Наведеното со обележја на акт на директна дискриминација како е таа утврдена со член 8 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација според кој *Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.* а во врска со член 5 од истиот закон согласно кој *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.* Наведеното земен предвид фактот дека кратко по дадена изјава за медиуми во својство на претседател на синдикална организација при ЈСП – Скопје, [redacted] добила Решение за распоредување на неопределено време на друго работно место, а по поднесен приговор против решението истото е поништено, а именуваната вратена на претходното работно место. Дотолку повеќе што во решението како причина за донесување на истото наведени се итни, неодложни, неопходни потреби и поуспешно организирање на работниот процес, а во одлуката со која решението е поништено образложено е дека именуваната не била квалификувана за работното место на кое била прераспоредена, па земајќи го фактот дека била две години пред пензија нејзино обучување не би имало никаков ефект. Следствено се поставува прашањето ако именуваната не ги поседувала потребните квалификации зошто воопшто била прераспоредена на новото работно место и на кој начин истото одело во прилог на итните, неодложни, неопходни потреби и поуспешно организирање на работниот процес на јавното претпријатие.

Во таа смисла согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните

## ПРЕПОРАКИ

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** в.д Генералниот директор на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје - Драги Кушовски, во текот на реализирање на работниот процес на претријатието, во иднина да се воздржи од превземање на дејствија и постапки кои би продуцирале нееднаков третман на вработените, а кој би резултирал со дискриминација по било кој дискриминаторски основ.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

В.д Генералниот директор на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје - Драги Кушовски треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
01.11.2024 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- В.Д. Генерални директор на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје - Драги Кушовски, ул. „Александар Македонски" бр. 10, Скопје
- [redacted]
- Архива на КСЗД